Константин ПЕТРОВ

# ЗНАЧАЈНИТЕ УМЕТНИЧКИ ТВОРЕЊА НА КАПИТОЛИНСКИОТ РИД ВО РИМ НИЗ ХРОНОЛОГИЈАТА НА 25 ВЕКОВИ

Иако најмал по пространство Капитолинскиот рид — Mons Capitolinus е најзначаен меѓу римските ридови (Mons Palatinus, Mons Aventinus, Mons Caelius, Mons Esquilinus, Collis Viminalis и Collis Quirinalis), не само затоа што таму се одвивале големите настани во Рим, од најстарата историја до современиов период, туку и затоа што таму се подигани особено значајни уметнички споменици во сите епохи.

Овие факти се условени од околноста дека Mons Capitolinus претставувал изолирана геолошка формација високо издигната сред дамнешните блатишта на реката Тибар, поради што големата карпеста платформа станала погодна за тврдински бедеми и за сигурен живот и градење сред нив. Наводите на старите хроничари Дионисиос од Халикарнас и на Диодорус од Сицилија во оваа смисла, се потврдени и со истражувачките наоди, чие датирање се движи најрано и до XIII век п.н.е. Инаку за изгледот на Капитолинските тврдини во најстарите времиња направил две реконструкции и Luigi Canina, познат италијански архитект и археолог од почетокот на XIX век.

Заради веќе речената сигурност на Капитолинскиот рид, таму се одвивал јавниот живот и значајните настани, непосредно близу до императорските палати на ридот Палатин и непосредно до Forum Romanum. Во тесна споеност со важноста на настаните од државниот и општествениот живот настануваат и многуте уметнички споменици и скулптуралните ремек дела на Капитолинскиот рид. Ваквото значење на Капитолинскиот рид, создаден во републиканскиот и императорскиот период продолжи да трае и подоцна за што сведочат уметничките градби не само во ранохристијанскиот период и во средните векови, туку и подоцна во времето на ренесансата и барокот и сè до почетокот на ова столетие.

Еден меѓу најстарите споменици на јужниот врв на Капитолин, на просторот Mons Tarpeius, бил храмот Aedes Jovis Feretrii подигнат според легендите од Ромул. Подоцна кралот

Нума Помпилиус на овој простор подигнал друг храм Aedes Fidis Publicae, којшто потоа служел за сенатски седници и за Архив. Крај овие два храма бил во 568 година п.н.е. подигнат и храмот Aedes Opis Opiferae посветен на богинката на богатството, во којшто долго време бил римскиот државен трезор. Набргу многу од функциите на овие два храма ги презел новиот грандиозен храм, Aedes Jovis Optimi Maximi сограден во време на кралот Тарквиниј I во VI век. Овој значаен храм подигнат на јужното плато на Капитолинскиот рид (меѓу денес постојната ренесансна Palazzo Conservatori и Тарпејската стена) бил подоцна неколку пати поправан и пресоградуван, така што првобитниот не е зачуван. Меѓутоа за него има некои податоци кај историчари, како на пример кај Титус Ливиус, којшто наведува дека храмот бил довршен 509 година од етрурски архитекти. Долго време во овој храм бил државниот трезор, тука заседавал и Сенатот и во него во 480 година п.н.е. била поставена и скулптираната бронзена група на Капитолинската волчица со Ромул и Рем. Инаку сите дворани на храмот како и платоите околу него биле декорирани со грандиозни скулптури од значајни уметници.

Кога при еден пожар во 83 година п.н.е. бил во голема мера оштетен овој стар храм, истата година започнала градбата на нов Јупитеров храм со средства од целата Империја. За овој второсограден храм се зачувани хроничарски описи според кои тој имал гигантски дорски столбови донесени од Атина и статуи на богови дарувани од многу земји и од угледни личности на тогашниот Рим. Меѓутоа веќе во 65 година п.н.е. овој второсограден храм бил тешко оштетен од удар на гром. Вака оштетен останал Јупитеровиот храм до 28 година п.н.е. кога е обновен од императорот Август, но не за долго време бидејќи веќе во 9 година п.н.е. еден снажен удар на гром повторно го оштетил храмот, а доста подоцна во 69 година еден пожар сосема го уништил.

Дури во 70—75 година императорот Веспазијан наредил да биде сограден трет храм. Според описите на хроничарите овој храм бил со уште пограндиозни димензии, со коринтски столбови, со позлатени покривни црепови и со златни и позлатени статуи. Многу набргу, веќе во 80 година еден пожар во голема мера ја уништил оваа градба.

Две години подоцна во 82 година, е започната градбата на четвртиот по ред Јупитеров храм на истото место, како копија на уништената трета градба. Изгледот на оваа четврта градба е познат бидејќи според описите на хроничари го има реконструирано архитектот Luigi Canina. Во оваа реконструкција е видлива коринтската стилска градба на храмот, со многу скулптурални групи (на тимпанонот, во пропилеите, на бастионите, на скалините и на терасите), меѓу кои најзначајна е една брон-

зена позлатена статуа на Јупитер. Без оштетување Јупитеровиот храм го поминал времето на императорскиот Рим сè до легализирањето на христијанството. Во хрониките има податоци за грижата на императорите Хадријан, Аурелијан, Диоклецијан, Максимијан и Константин околу одржувањето на Јупитеровиот храм. Но веќе во 394 година императорот Теодосиј ја симнал статуата на Јупитер, а папата Леон I во 452 година нарачал од бронзата на Јупитеровата статуа да се излее статуата на Свети Петар, онаа познатата што денес се наоѓа во црквата Свети Петар во Рим. По ова започнува постепеното запустување на храмот; до 630 година биле разнесувани најнапред од варварите, а потоа и од римските граѓани сите скапоцени градежни материјали за приватни градби и за храмови. Подоцна меѓу IX и XII век тука биле градени палатите на велмошката римска фамилија Corsi, а во првите децении на XVI век била подигната палатата Vidoni-Cafarelli наменета за резиденција на германскиот император Карло V. Во оваа палата резидирале многу европски суверени што доаѓале во Рим, особено во XIX век. Дури по Првата светска војна во 1922 година е урната палатата Vidoni-Cafarelli и отворен просторот на којшто бил Јупитеровиот храм. На овој начин било завршено милениумското траење на еден споменик, чии делови од темелите сега се наоѓаат во дворот зад Palazzo Conservatori.

На другиот крај на Капитолинскиот рид, на северниот врв Arx, била во најраните историски периоди тврдината на Сабињаните. Подоцна, се претпоставува пред IV век п.н.е., тука бил подигнат храмот Aedes Junonis Monetae. Името Монета имало според претпоставките на повеќето проучувачи, неколку историски и јазични толкувања. За овој приказ најприкладно е толкувањето дека Јунона Оракулски им претскажувала и советувала на Римјаните како да дојдат до средства за една важна војна. Во знак на благодарност тука била подигната и ковница што функционирала сè до 115 година (подоцна ковницата за сребрени и златни монети работела на ридот Caelius). Храмот на Јунона не е зачуван, но според реконструкцијата на архитектот Luigi Canina, е видливо дека храмот е луксузна градба до која се искачуваат триесетина скали со олтар кон Forum Romanum и со простилос на западната страна кон Тибар. Фасадата на храмот на Јунона била украсена со коринтски капители врз канелирани колони, а во тимпанонот била скулптирана една високорелјефна сцена. Во ваква состојба и без големи промени храмот на Јунона траел сè до легализирањето на христијанството во првите децении на IV век, по кое почнува неговото постепено запустување. Каква била стварната состојба на овој простор во ранохристијанскиот период не е регистрирано во документи. Меѓутоа познато е што станува на Arx веќе од средината на IX век наваму.

Според документи е познато дека бенедиктинците на Arx на просторот западно од Templum Junonis Monetae го соградиле во 850 година храмот Oratorium Sanctae Mariae (Ara Coeli), со клаустер на северната страна. Црквата и клаустрот со неколку обновувања го задржуваат својот изглед низ средните векови сѐ до денес. Инаку во 1348 година се изградени 127 мраморни скали (земени од една градба на императорот Каракала на Quirinal) од подножјето на Arx до западниот влез на црквата, како знак на благодарност од римското население за спасување од чума. Подоцна во 1575 година црквата била обновена. 1888 година е урнат клаустрот на северната страна на S. Maria Coeli (точно на поранешното место на Aedes Junonis Monetae) и на тоа место е подигнат националниот споменик Vittoriano, што е довршен 1911 година.

Третиот простор на Капитолин, односно средниот низок плато меѓу Mons Tarpeius и Arx наречен Intermontium, бил во најстарите времиња плоштад сред тврдината наменет за собири и тргувања. Подоцна, меѓутоа, и овде биле соградени споменици. Најзначајна зграда била Tabularium, соградена од Lutatius Catulus, според планот на конзулот Сула. Tabularium била пространа зграда за многуте служби на државната управа и за трезор на државните документи. Знаејќи ги овие податоци и според зачуваните конструктивни делови на зградата познатиот архитект и археолог Martin Wagner направил во првите децении на XIX век една реконструкција на Tabularium. Според неа Tabularium бил грандиозна зграда со влез од западната страна каде што имало голем простилос со многу колони со јонски капители и декоративна трабеација; во средината бил правоаголен двор, а на источната страна повеќе катови на падината кон Forum Romanum; тоа бил изглед во време на императорскиот Рим. Подоцна во ранохристијанскиот период од Tabularium ги разнесле сите скапоцени декоративни делови, но конструкцијата на зградата се зачувала и познато е дека во средните векови таа била користена за јавни сврхи. Во 1143 година тука заседувал градскиот Сенат, во 1389 година зградата била обновена за Сенатска палата, потоа уште еднаш обновена во 1425—1431 година.

Мошне важен настан за познавањето на спомениците на Капитолин е престојот и сликањето во Рим на холандскиот сликар Marten van Heemskerck меѓу 1532 и 1535 година. Правејќи меѓу другото и седумдесетина скици на спомениците во Рим, Marten van Heemskerck ја документирал и состојбата на Капитолин во време пред да биде изградена фасадата на Сенатската палата и пред да бидат изградени палатите Conservatori и Museo Capitolino.

Сегашните споменички и уметнички вредности распоредени околу Капитолинскиот Intermontium, се настанати во вре-

мето на Ренесансата. Прв меѓу овие споменици е Palazzo Conservatori, палата сместена меѓу платото на Intermontium и Mons Tarpeius. Palazzo Conservatori има две фази на градење. Првата Palazzo Conservatori е соградена во 1425—1431 година според нарачка на папата Мартин V за Собрание на градски советници. M. v. Heemskerck сто години по градењето ја претставува оваа Palazzo Conservatori во 1532—35, како градбпа со ренесансна аркада во приземјето со кат и мансарда; мошне интересно е дека во средината на ѕидот на катот е во ниша поставена бронзената група на Римската волчица со Ромул и Рем, сега во Museo Capitolino.

Од ова време наваму, од зрелата ренесанса, започнува современото уредување на Intermontium на Капитолин. Веќе 1536 година по повод доаѓањето на германскиот император Карло V во Рим, Микеланџело Буонароти бил ангажиран да го разубави Капитолин и во таа сврха ги поставил големите свечени скали од подножјето на Капитолин до платото на Intermontium. Две години подоцна, во 1538 година М. Буонароти ја поставил на Intermontium, пред Palazzo Senatorio, коњаничката фигура на Марк Аурелиј, донесена од Латеранскиот плоштад (каде што само неколку години порано ја претставил на една скица, M. v. Heemskerck).

Во тоа време во четириесеттите години на XVI век М. Буонароти го изработил проектот на една нова Palazzo Conservatori, којашто е довршена во 1564 година со мошне осмислено концепирана фасада на зрелата ренесанса. Со ист изглед и денес сочуваната, Palazzo Conservatori обавува улога на музеј; во атриумот на скулптурални фрагменти, меѓу кои особено интересните од гигантската статуа на императорот Константин. Во двете големи дворани се наоѓаат делови од Fasti Consularis, листите на римските конзули и војсководачи победници и триумфатори, потоа историски композиции со антички теми од П. Рубенс, П. Веронезе и Г. Рени. Подоцна во 1583 година поставени се на врвот на Буонаротиевите скали (меѓу Pallazo Conservatori и Museo Capitolino), скулптурите на Диоскурите Кастор и Полукс, откриени нешто порано во Teatrum Balbus.

Своевремено, при уметничкото концепирање на Intermontium, М. Буонароти направил проекти и за западната фасада на Palazzo Senatorio и за Museo Capitolino; меѓутоа, тие се изградени многу подоцна. Така фасадата на Palazzo Senatorio, ја има градено во 1592 година познатиот архитект Girolano Rainaldi. Почитувајќи го проектот на М. Буонароти G. Rainaldi ја концепирал тектониката на палатата, формите на прозорите и надпрозорниците, стилски еднакво како во Pallazo Conservatori, само со незнатни димензиски отстапувања во прозорите од вториот кат. И денес со ист изглед зачуваните Palazzo Senatorio и

деловите од некогашниот римски Tabularium функционираат како служби на градскиот Магистрат.

Museo Capitolino бил изграден со меценатството од Понтификатот, според проектот на М. Буонароти, дури во 1664 година. Градбата на Museo Capitolino ја има изведено архитектот Carlo Rainaldi (син на Girolamo) со сериозно настојување да се придржува до плановите на М. Буонароти. Заради тоа двете градби Palazzo Conservatori и Museo Capitolino не само што имаат идентични основи и диспозиции, туку и еднакви димензии, просторна елевација, фасадна концепција и декоративни елементи. Денес Museo Capitolino претставува голем музеј во чии дворани се наоѓаат најзначајни класични, хелинистички и римски скулптурални творби. Така, на пример, во дворaната Salla dei Imperatori се наоѓаат осумдесет и четири бисти на римски императори и императорки; во друга дворана се наоѓаат бистите на најславните грчки и римски луѓе меѓу кои и: на Хомер, Сократ, Софокле, Еврипид, Платон, Есхил, Епикур и други.

Од времето на зрелата ренесанса кога се изградени палатите околу Intermontium немало битни промени освен поправки на дотраените делови на фасадите. Инаку веќе е споменато расчистувањето на просторот на Arx во 1888 година на споменикот Vitoriano и уривањето на палатата Vidoni-Cafarelli на Mons Tarpeius во 1922 година.

Целиот овој комплекс споменици на Капитолин бил достапен од сите страни со разновидни скали, патови и патчиња веќе во римскиот републикански и императорски период. Така, на пример, од западната страна од Forum Romanum одело патче наречено Clivus Capitolinus за Intermontium, потоа патче Clivus Argentarius што одело околу Arx, потоа Scalae Gemoniae што се искачувале покрај Tabularium до Arx, потоа патче Vicus Jugarius што одело околу Mons Tirpeius и скали Centus Gradus до платото кај Templum Jovis. Некои од овие приоди служеле и низ сите подоцнежни периоди така што се зачувани во употреба и денес. Во 1348 година се изградени веќе споменатите свечени скали за Ara Coeli, во 1536 година се изградени грандиозните скали од западното подножие на Mons Capitolinus до плоштадот Intermontium, а за споменикот Vittoriano се соградени монументални скали пред 1911 година.

Како најзначаен Римски рид со важни споменици од сите периоди, Капитолин бил и најпогоден амбиент за најважните историски настани во текот на 2500 години. Во тие стотини историски настани значајни и за Римската империја и за римските провинции и за одот на историјата на светот учествуваат сите познати имиња на раните римски кралови, имиња на републикански државници и значајни трибуни и културни првенци, имиња на императорите од царскиот период, потоа многу имиња од бурната политичка и црквена историја на средновеков-

ниот Рим, понатаму имиња на протагонисти на уметноста на ренесансата и на барокот и бројни имиња на европски владетели при мисии во Рим, или при христијански аудиенции во Понтификатот.

И денес со зачуваните значајни споменици во кои има особено ретки музејски вредности и со близината на Forum Romanum Капитолин е важно место за кое покажуваат незгаснат интерес и проучувачите и љубителите на историјата и на уметноста. Никому не му пречи што сите овие луѓе се движат заедно и во исто време со оние од Сенатската палата, од Palazzo Conservatorii и од Museo Capitolino и заедно со верниците и свештениците на Ara Coeli, затоа што Капитолин уште функционира и живее и денес како и пред 25 векови.

*) Во текстот се употребени податоци од пообемна литература од која овде ја наведувам само следнава: L. Pastor, Die Stadt Rom zum Ende der Rennaissance, Freiburg 1906; G. De Sanctis, Storia dei Romani, Torino 1907; P. Varese, Cronologia romana, Roma 1908; A. Ferratino, L'Italia romana, Roma 1908; A. Forthingam, The monuments of Christian Rom, New York 1925; G. Lugli, I Monumenti antichi di Roma e suburbio, Roma, 1931/4; F. L. Dunbar, Rom, Sechshundert Bauwerke der Ewigen Stadt, Berlin 1943.